# Записник од работен состанок на членовите на Националното координативно тело за имплементација на Стратегијата за Ромите во Република Северна Македонија одржан на 02 ноември 2023 година

**Присутни:**

Мабера Камбери, Нахида Зекирова – Министерство за труд и социјална политика (МТСП), Арабела Иљаз - Министерство за образование и наука (МОН), Дениз Селмани - (НВО Ромалитико), Сузана Камческа, Виолета Стефановска - Министерство за транспорт и врски (МТВ), Сања Саздовска – Министерство за здравство (МЗ), Цветанка Стоилкова, Весна Димитриевска - Управа за водење на матични книги (УВМК), Зоран Барбутов – Министерство за надворешни работи, Марија Хаџивасилева Белевска – Министерство за финансии

## Дневен ред

1. Информација за имплементација на активностите во ресорните министерства во рамки на Стратегијата за инклузија на Ромите, во периодот јули - октомври 2023 година
2. Дискусија по однос на други прашања

По презентирањето и прифаќањето на точките од дневниот ред предвидени за работната средба од страна на присутните средбата започна со работа по предвидениот тек.

Од страна на МТСП се информира по однос на реализираните активности во изминатиот период и поважните настани што следуваат.

Со поддршка на ИПА 2024 се предвидени 5 милиони денари, за делот на домувањето, во чии рамки ќе се подготви Visibility Study, во општините Куманово и Штип, каде што ќе се испитаат условите за градба и доградба на домови во ромските заедници.

Дадена е насока да се провери Законот за легализација дали е донесен, дали е поминат на Влада.

Се информира за Четвртата Министерска Конференција за интеграција на Ромите, одржана во септември 2023 година на која присуствуваа Министри од Албанија, Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Косово и Република Северна Македонија, на која се презентираа активностите кои се имплементираат во однос на областите од Познан Декларацијата на кој е заклучено дека Македонија има најдобри резултати.

На крајот на ноември 2023 година се планира да се одржи 9тата Меѓународна конференција за жените Ромки со поддршка на Совет на Европа. Во оваа насока потребно е обезбедување на учество на женски ромски организации.

По однос на лицата неевидентирани во матична книга на родени според последните податоци на Управата за водење на матични книги од вкупно евидентирани 650 лица на терен без лична документација околу 320 лица имаат добиено посебен извод на родени од кои 115 лица имаат добиено посебна идентификациона исправа во периодот од 2020-2022 година додека Барањата за 100 лица се во редовна постапка за упис.

РОМАЛИТИКО, информира дека на терен се најдени околу 530 лица, од кои за 370 лица е направен директен упис во матична книга на евиденција и остануваат 150 лица за запишување. За целосно решавање на проблемот и запишување и на овие лица се истакна дека дека потребно активно вклучување на Министерството за внатрешни работи, Секторот за Азил, кадешто е потребно да се направат одредени отстапувања, по однос на овие прашања.

Во декември 2023 година ќе се одржи конференција на која ќе биде доделена награда за МВР по однос на решавањето на без државјанството во Република Северна Македонија. Се очекува до декември тој проблем да биде целосно решен и земјата да биде прва земја во регионот во решавањето на ова прашање.

До крајот на октомври 2023 година, остануваат да функционираат 7 Ромски Информативни Центри (Гостивар, Делчево, Кочани, Неготино, Кичево, Битола и

Шуто Оризари). Во тек е процесот за нивна трансформација во Центрите за социјална работа.

МОН, во Министерството за образование и наука тековно се реализираат планираните проекти во делот за подобрување на образованието кај децата Роми.

Министерството за образование и наука (МОН) го зголеми бројот на ангажирани ромски образовни медијатори во РСМ (ангажирање на 40 ромски образовни медијатори во 28 општини).

Во средното образование продолжува реализацијата на јавната политика на Роми Законот за ученички стандард преку доделување на стипендии за средношколци Роми во 4 категории. За учебната 2022/2023 година доделени се 920 стипендии на средношколци Роми, од пристигнати 1100 апликации.

По примерот на средношколските стипендии МОН доделува и стипендии за студенти Роми од јавните и приватните високообразовни установи и универзитети. За академската 2022/2023 година доделени се 135 стипендии за студенти Роми, а во рамките на академската 2023/2024 година бројот на стипендии останува ист, меѓутоа нивниот износ се зголемува од 5000 денари месечно на 6000 денари месечно.

Во континуитет се работи на донесување на Законот за средно образование каде се дефинирани ромските медијатори во средно, за кои МОН има обезбедено средства од самиот почеток на креирање на новата национална Стратегија за Роми 2022 – 2030 и Националните акциски планови за образование.

МТВ, во делот за домување го спроведува Проектот за изградба на станови наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи.

Во текот на ноември 2023 година од страна на Министерството за транспорт и врски објавен е јавен оглас за распределба на 62 социјални станови во градот Неготино. Постапката по јавниот оглас е во тек.

Во општина Велес и Бутел во завршна фаза е изградбата на станбени објекти ( во Бутел со вкупно 312 станови) за лица во социјален ризик.

Во рамки на проекти од доменот на комуналната инфраструктура во 2023 година, на предлог на Министерството за транспорт и врски од страна на Владата на Република Северна Македонија донесена е Програма за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Ромите за 2023 година.
Средствата за реализација на оваа Програма се утврдени со Буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година во износ од 20 милиони денари и истите се наменети за реализација на проекти од комуналната инфраструктура за места населени претежно со ромско население. Корисници на овие средства се единиците на локалната самоуправа во кои има места населени претежно со ромско население.

Врз основа на оваа Програма, од страна на Министерството за транспорт во март 2023 е објави јавен повик за единиците на локалната самоуправа за поднесување на барање за користење на средствата за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за Ромите.

Во мај 2023 година е доставена до Владата на Република Северна Македонија Предлог - Одлука за распределба на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година за поддршка на имплементацијата Стратегијата за Ромите.

Од страна на Владата на РСМ донесена е Одлука за распределба на средствата сл.весник бр. 138/23 (во анекс / листата на општини).

МЗ, по однос на подобрување на пристап до здравствена заштита и услуги, со фокус на унапредување на женското здравје. Информирано е дека и покрај системското решение и ангажман на гинеколог во општината Ш. Оризари, многу е мал бројот на жени Ромки кои извршиле прегледи што претставува проблем за продолжување на работа на ординацијата. Дадена е насока да се организира состанок со ромските граѓански организации за поголема работа во заедницата со жените Ромки за подобрување на нивната здравствена состојбата.

Заклучоци:

1. Во процесот на евидентирање на лицата без документи да се направат напори за активно вклучување на Министерството за внатрешни работи, Секторот за Азил.

Изработил:

Нахида Зекирова

Одделение за имплементација на Стратегијата за Роми